**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**С О Б Р А Н И Е**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Комисија за здравство**
Број 25-2258/
07 јуни 2013 година
Скопје

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј

Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 07 јуни 2013 година како матично работно тело по **Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита (скратена постапка)** ги претресе следните амандмани:

1.Амандманот за бришење на член 6, поднесен од пратениците Менде Диневски, Андреј Петров, Станка Анастасова, Тања Томиќ, Билјана Казанџиска и Светлана Мазгалоска-Вучетиќ, под архивски број 07-2189/2.

Во претресот по поднесениот амандман учествуваа пратениците Менде Диневски, Андреј Петров и министерот за здравство Никола Тодоров.

Комисијата со 4 гласа "за" и 6 гласа "против" не го усвои амандманот.

2.Амандманот за бришење на член 7, поднесен од пратениците Менде Диневски, Андреј Петров, Станка Анастасова, Тања Томиќ, Билјана Казанџиска и Светлана Мазгалоска-Вучетиќ, под архивски број 07-2189/3.

Во претресот по поднесениот амандман учествуваше пратеникот Менде Диневски и министерот за здравство Никола Тодоров.

Комисијата со 4 гласа "за" и 6 гласа "против" не го усвои амандманот.

3.Амандманот на член 20, поднесен од пратениците Харалампие Шокаровски, Елена Павлова, Јордан Пачков, Ане Лашкоска, Нада Ципушева, Светлана Јакимовска, Весна Пемова, Лилјана Затуроска, Христина Рунчева, Надица Танчева-Тулиева, Бети Кузмановска, Марија Рашковска,Миле Пачемски и Светлана Карапетрова, под архивски број 07-2189/4.

Во претресот по поднесениот амандман учествуваше пратеникот Харалампие Шокаровски и министерот за здарвство Никола Тодоров.

Комисијата со мнозинство гласови го усвои амандманот.

4.Врз основа на член 149 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за здравство го предложи следниот амандман:

АМАНДМАН

Во член 10 по ставот (14) се додава нов став (15) кој гласи :

“(15) Јавната здравствена установа е должна да склучи договор од став (8) на овој член со сите приватни здравствени установи кои ќе побараат склучување на таков договор под исти услови”.

Образложение

Амандманот дава можност за склучување на договор меѓу јавна здравствена установа со приватна здравствена установа под исти услови.

Во претресот по поднесениот амандман учествуваше министерот за здравство Никола Тодоров.
Комисијата едногласно го усвои предложениот амандман.

5.Врз основа на член 149 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за здравство го предложи следниот амандман:

АМАНДМАН

Во член 18 по ставот (12) се додава нов став (13) кој гласи

„ (13) Глоба во износ од 5.000 до 9.000 евра во денарска против вредност ке му се изрече на одговорното лице од правното лице доколку не склучи договор под исти услови со приватна здравствена установа која ќе побара склучување на договор согласно член 222 став (15).“

Образложение

Со амандманот се врши усогласување со усвоениот амандман на член 10 .

Во претресот по поднесениот амандман учествуваше министерот за здравство Никола Тодоров.
Комисијата едногласно го усвои предложениот амандман.

Комисијата со мнозинство гласови заклучи Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита да го проследи на натамошна постапка во Собранието на Република Македонија.

За известител на седницата на Собранието на Република Македонија, Комисијата го определи пратеникот Харалампие Шокаровски.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА**
**ЗА ЗДРАВСТВО**
**Менде Диневски**